РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДАНЕ КРАПЧЕВ
Бр. 08-342/2
12.07. 2024 год.
Гази Баба - Скопје

18.7.24
08 972/2

# НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ ИСТРАЖУВАЊЕ НА РОДНИОТ КРАЈ

ЈУЛИ 2024

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет:** | **ИСТРАЖУВАЊЕ НА РОДНИОТ КРАЈ** |
| **Изработил:** | Маја Богојевска Величковска – предметен наставник по географија ООУ „Дане Крапчев“ |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен |
| **Одделение:** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Природните особености на родниот крај<br>• Културно- историско наследство на родниот крај<br>• Културните настани во родниот крај<br>• Стопанството во родниот крај |
| **Број на часови:** | 2 часа неделно/ 36 часа годишно |
| **Опрема и средства:** | • Проектор, презентација, компјутер, паметна табла, печатач и други дигитални уреди.<br>• Интернет<br>• Географска карта на РСМакедонија.<br>• Фотографии, илустрации, списанија, весници, цртежи, графички приказ, учебници, книги, брошури, принтани материјали, статии, текстови со публицистички карактер и сл. За теренскиот дел се користи и предвидениот објект од регионот. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Математика и природни науки** од Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| III-A.28 | да ги користи основните научни сознанија за да го објаснува природниот свет; |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци; |
| III-A.30 | да организира и претставува квантитативни податоци табеларно, графички, со дијаграм и скици и да толкува податоци од различни области претставени на различни начини; |
| III-A.33 | да истражува и да дискутира за влијанието на науката, технологијата и активностите на човекот врз животната средина; |
| III-A.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| III-A.65 | да ги поврзува географските карактеристики на регионите со разместеноста на живиот свет; |
| III-A.66 | да наоѓа информации за карактеристиките на географските подрачја прикажани на мапи и да изготвува скици за прикажување на географските подрачја со нивните карактеристики; |
| III-A.67 | да се ориентира во просторот со помош на скици, мапи, снимки и дигитални прикази на дадени географски подрачја. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| III-Б.5 | љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научноистражувачката мисла; |
| III-Б.6 | природните ресурси на Земјата се ограничени и нивното неодговорно искористување има последици по квалитетот на животот; |
| III-Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина. |

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост** од Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| I-A.1 | Да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | Да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |

| | |
|---|---|
| **I-Б.2** | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| **I-Б.3** | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| **I-Б.4** | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| **I-Б.5** | читањето и изразувањето на мајчин јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење; |
| **I-Б.6** | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети); |
| **I-Б.7** | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **IV-А.1** | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие кои се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| **IV-А.3** | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| **IV-А.4** | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| **IV-А.5** | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |

| | |
|---|---|
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | Дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | Потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | Информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето. |

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **V-А.6** | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| **V-А.7** | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| **V-А.8** | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| **V-А.13** | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |

| | |
|---|---|
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **VI-A.3** | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| **VI-A.32** | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи; |
| **VI-A.33** | да учествува во дискусија за историски прашања врз основа на релевантни извори. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **VI-Б.10** | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме; |
| **VI-Б.13** | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е важна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **VIII-A.3** | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| **VIII-A.6** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| **VIII-A.7** | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| **VIII-Б.6** | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

- **Тема 1: ПРИРОДНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА РОДНИОТ КРАЈ**

Вкупно часови: 16

Резултати од учење:

*Знаења/ вештини:*

- Да стекне знаења за релјефот и типовите релјеф;
- Да се оспособи да ја објаснува и опишува релјефната структура;
- Да ги разликува климатските типови;
- Да ги именува изворите, реките и езерата;
- Да објаснува за настанувањето и значењето на подземните води и извори;
- Да се оспособат за покажување на карта;
- Да ги споредува езерата според нивниот настанок и големина;
- Да развива сопствени преставци за стопанското значење на езерата;
- Да објаснува за застапеноста и разместеност на растителниот и животинскиот свет;
- Да ги именува и да ги разликува различните растителни и животински видови.

Ставови/ вредности:

- Почитува ставови и мислења од другите околу него;
- Развива одговорно однесување кон себе, кон другите и кон околината;
- Познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме;

- Националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е важна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата.

| **Содржини и поими и број на часови:** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| • **Релјефот во родниот крај**<br><br>(релјеф, планини, котлини, полиња, клисури, превои, надморска височина)<br><br>број на часови: 4 | -Наставникот ги проширува и ги продлабочува знаењата на учениците преку разговор и набљудување на релјефот во родниот крај од повисока точка (на пример: Камник-во Скопје).<br>-Наставникот ги дели учениците во мали групи/парови. Користејќи географски атлас, литература, енциклопедии, и/или интернет (Google Earth), истражуваат за релјефот во родниот крај (планини, котлини, полиња, клисури, превои). Во своите тетратки ги запишуваат основните карактеристики на крупните релјефни облици: надморска височина, правец на протегање, површина, настанок и др.<br>Секоја група ги презентира податоците пред останатите ученици. |
| • **Климата во родниот крај**<br><br>(клима, време, климатски типови, климатски фактори, метеоролошки елементи и појави умерено- континентална, планинска, изменето-средоземноморска)<br><br>број на часови: 2 | - Наставникот преку презентација или видео објаснува за климатските типови карактеристични за местото на живеење.<br>-Учениците поделени на мали групи/парови, користејќи географски атлас, литература, печатен материјал, енциклопедии, и/или интернет ( https://uhmr.gov.mk/aktuelni-podatoci/), добиваат задача да ги истражат метеоролошките елементи и појави во местото на живеење (температурата на воздухот, ветер врнежи и др.). Потоа секоја група ги презентира податоците пред останатите ученици. |
| • **Хидрографија во родниот крај**<br>(хидрографија, извор, речно корито, притока, утока (влив) водопади)<br><br>број на часови: 4 | -Со помош на географска карта или интернет (Google Earth), учениците пронаоѓаат извори, реки и езера кои се наоѓаат во непосредна близина на нивното местото на живеење. Преку техниката мисловна мапа ги запишуваат имињата на табла (на пример: Вардар, Треска, Пчиња, Рашче).<br><br>- Наставникот ги дели учениците на мали групи/парови. Користејќи географски атлас, географска карта, литература, енциклопедии, и/или интернет, учениците ги истражуваат основните карактеристики на хидрографијата во родниот крај (се откриваат изворишните места на поголемите реки и нивните притоки, должина на реките, релјефните објекти низ кои поминува текот на реката, вливот на реките, настанокот на езерата, површина, стопанското значење и др.). Информациите ги претставуваат со табеларен приказ. Секоја група ги презентира податоците пред останатите ученици. |

| | |
|---|---|
| • **Растителниот и животинскиот свет во родниот крај** (флора, фауна, диви животни, култивирана вегетација)<br><br>број на часови: 2 | -Наставникот ги мотивира учениците преку дискусија за застапеноста и територијалната разместеност на растителниот свет и животинскиот свет во родниот крај. Покарактеристичните се запишуваат на табла.<br><br>Во рамките на оваа содржина наставникот може да испланира посета на некое излетничко место каде учениците ќе ја набљудуваат околината и ќе се запознаат со различен растителен свет, а потоа на часот може да се дискутира за растенијата кои се карактеристични за тој крај, да се изработи хербариум од собрани растенија или некоја друга активност.<br><br>- Учениците поделени на мали групи/парови добиваат задолженија кои ќе ги реализираат со помош на, литература, печатен материјал, енциклопедии, и/или интернет. Изработуваат хербариум, креираат албум од фотографии (во хартиена или електронска форма) од диви и питоми животни карактеристични за родниот крај. |
| • **Реализација на проектот**<br><br>број на часови: 2 | -Учениците, поделени во мали групи, добиваат задача да изработат хамер или презентација power point за природните особености на родниот крај.<br><br>Учениците ги анализираат податоците, ги разгледуваат и средуваат материјалите изработени од секоја содржина. Споделуваат идеи за изработка на хамер или Power point презентација за темата. Учениците се договараат за начинот на презентирање на проектот. |
| • **Презентација на проектот**<br><br>број на часови: 2 | -Учениците ги презентираат изработените проекти. Дискутираат за своите доживувања и искуства од истражувањето, при што ги посочуваат и тешкотиите со кои се соочиле. Учествуваат во оценување на изработката и презентирањето на проектот на другите групи. |

| **Тема 2: КУЛТУРНО- ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО НА РОДНИОТ КРАЈ** |
|---|
| Вкупно часови: 10 |
| Резултати од учење: |
| *Знаења/ вештини:* |
| • Да ги препознава и објаснува поимите: антички објект, верски објект, споменик, етнолошки особености;<br>• Да се оспособи да ја опишува местоположбата и особеностите на локалитетите во родниот крај;<br>• Да ја опишува градбата и материјалот на објектот;<br>• Да го разбира знаењето на локалитетот и објектот за локалната заедница. |

| Ставови/ вредности: | |
|---|---|
| • Познавањето на историјата и на географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме;<br>• Националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е важна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата;<br>• Културно- историското наследство е значајно за осознавање на минатото. | |
| **Содржини и поими и број на часови:** | **Примери на активности:** |
| • **Археолошки локалитети** ( археологија)<br><br>број на часови: 2 | - Наставникот користи презентации, виртуелна посета (доколку има можност може да се реализира и физичка посета) на археолошките наоѓалишта во родниот крај (на пример: Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/), Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/), Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestisbitola/ ), Самоилова тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm).<br>- Поделени во групи, учениците опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите ученици, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат каде се наоѓа и од кога потекнува локалитетот кој го истражиле/посетиле и наодите ги презентираат. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта. |
| • **Верски објекти**<br><br>(цркви, манастири, џамии)<br>број на часови: 2 | - Учениците одат во посета на верски објект во блиската околина на училиштето. Прибираат информации преку претходно подготвена листа со прашања за разговор со луѓето, изработка на цртежи или фотографии.<br>- Собраните податоци од реализираната посета ги средуваат и користат за изработка на хамер или Power point презентација за верските објекти.<br>Потоа секоја група ги презентира податоците пред останатите ученици |
| • **Етнолошки особености (музеи)**<br><br>(народни обичаи, народни музички инструменти, песни и ора, носиите, архитектурата, занаети, | - Наставникот, преку визуелна прошетка во Музеј Р С Македонија (https://allinone.mk/360/mmk/?fbclid=IwAR3hH2ywuF-0cEmfelzUCVBfmLmCoyR5BVCwUH6sep1v0WBrluDDeVJORbA) им ги претставува на учениците етнолошките особености кои се препознаваат преку народни обичаи, народни музички инструменти, песни и ора, носиите, архитектурата, занаети, народно творештво (мотиви при ткаење, плетење, везење, усни преданија). |

| | |
|---|---|
| народно творештво (мотиви при ткаење, плетење, везење, усни преданија)<br><br>број на часови: 2 | - Учениците поделени во мали групи/парови креираат албум од фотографии со народни носии, народни музички инструменти, мотиви при траење, текстови преку кој се опишуваат некои народни обичаи карактеристични за местото на живеење, песни и др.<br>-Во рамките на овој час може да се побара од учениците (во зависност од можностите) да донесат од своите баби/мајки рачни изработки од минатото, да се запише некој обичај/песна/предание/приказна и од сите овие материјали да се направи изложба во училиштето/училницата и сл. |
| • **Културно- историски споменици и знаменитости**<br><br>број на часови: 4 | - Наставникот им објаснува на учениците за важноста на со културно- историските споменици и знаменитости во местото на живеење преку следење на веб страната ( https://macedonia-timeless.com/mac/aktivnosti/turi/gradskituri/skopje).<br>- Учениците поделени во мали групи/парови, креираат албум од фотографии (во хартиена или електронска форма), проследени со кус текст, преку кој се презентира родниот крај со неговите значајни градби и културни знаменитости (на пример: Камениот мост, Скопското кале, Старата скопска чаршија, Старата железничка станица, Даут пашиниот амам, Музејот на холокаустот, Музејот на современа уметност, театрите).<br>-Доколку се создадат услови, наставникот може да испланира посета со учениците на некоја знаменитост во родниот крај. |
| | |

| |
|---|
| • **Тема 3: КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО РОДНИОТ КРАЈ**<br><br>Вкупно часови: 4 |
| Резултати од учење: |
| *Знаења/ вештини:* |
| • Да се запознае со карактеристиките и културните обележја на родниот крај;<br>• Да го согледа значењето на културните настани во локалната заедница (изложба, музејска поставка, претстава во театар, филм, фестивал, промоција на книга, песна, музички настан и др.);<br>• Да ги запознае постапките при организирањето на еден културен настан;<br>• Да го разбира и проценува развојот на локалната заедница преку особеностите на културните настани во неа;<br>• Да се поттикнува на соодветно однесување пред, за време и по одржување на културен настан; |

| |
|---|
| • Да се оспособува, да дава свое мислење за настанот, пред и по посетата. |
| Ставови/ вредности: |
| • На разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување;<br>• Почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

| **Содржини и поими и број на часови:** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| • **Културни настани и манифестации**<br><br>број на часови: 4 | - Поделени во мали групи/парови, истражуваат за одржување на културни настани или манифестации во родниот крај.<br>- Учениците добиваат задолженија да изработат постер или Power point презентација за културен настан или манифестација (кино, театарски претстави, концерти, изложби, манифестации на пример: Вевчански карневал, Галичка свадба, Струшки вечери на поезијата, Струмички карневал, Охридско лето, Филмски фестивал „Браќа Манаки", Мајски оперски вечери, Скопски џез фестивал, Пивофест Прилеп, Баскерфест, Таксират и др.) Постерот треба да содржи информации за време и место на одржување на настанот или манифестацијата, учесници, слика, цртеж итн.<br>Учениците усно презентираат. |

| |
|---|
| • **Тема 4: СТОПАНСТВОТО ВО РОДНИОТ КРАЈ**<br><br>Вкупно часови: 6 |
| Резултати од учење: |
| *Знаења/ вештини:* |
| • Да се запознае со стопанските гранки и објекти во родниот крај;<br>• Да ги препознава и објаснува поимите: фабрика/погон за производство, трговско претпријатие/ продавница, земјоделско стопанство ( лозја, ниви, овоштарник, посеви со зеленчук), фарма (за крупен добиток, за овци, кози,кокошки, ноеви);<br>• Да ја објаснува економската состојба / корист од работењето на објектот за локалната заедница. |

| Ставови/ вредности: | |
|---|---|
| • Почитува ставови и мислења од другите околу него;<br>• Развива одговорно однесување кон себе, кон другите и кон околината;<br>• Познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме. | |
| **Содржини и поими и број на часови:** | **Примери на активности:** |
| • **Производни дејности (земјоделство, индустрија и занаетчиство)**<br><br>број на часови: 4 | - Наставникот објаснува за значењето на производните дејности (земјоделство, индустрија и занаетчиство) за родниот крај.<br>- Учениците реализираат (доколку има можност) посета на индустриски објект кој се наоѓа во непосредна близина. Ги евидентираат податоците од разговорите со вработените преку претходно подготвена листа со прашања за разговор, изработка на цртежи или фотографии.<br>- Учениците поделени во мали групи, добиените информации од реализираната посета ги средуваат и користат за изработка на хамер или Power point презентација.<br>Потоа секоја група ги презентира податоците пред останатите ученици. |
| • **Непроизводни дејности (сообраќај, трговија и туризам)**<br><br>број на часови: 2 | - Наставникот преку бура на идеи ги мотивира учениците да дадат примери за непроизводни дејности. Покарактеристичните се запишуваат на табла.<br>Наставникот објаснува за значењето на непроизводните дејности (сообраќај, трговија и туризам).<br>- Ги дели учениците на мали групи. Групите добиваат задолженија кои ќе ги реализираат со помош на, литература, печатен материјал, енциклопедии, и/или интернет. |